РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 02-209
16-2 2010 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 107 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник бр. 13/06), Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 137. седница, одржана на 16.2.2010 г., донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување листа на информации од јавен карактер од надлежност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува листата на информации од јавен карактер, кои ги создал и со кои располага Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во остварувањето на своите надлежности утврдени со закон.

Оваа листа на информации од јавен карактер ги содржи информациите кои се создаваат во Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и тоа:

- **Акти на органите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** *(достапни во: Универзитетски гласник и на www.ukim.edu.mk)*
- **Соопштенија до јавноста за тековни активности** *(достапни во: Универзитетски весник и на www.ukim.edu.mk)*
- **Годишни извештаи** *(достапни во: Публикација)*
- **Регистар на стручна служба** *(достапни во: Архивата на Ректоратот)*
- **Регистрација на веб-домени** *(достапни во: www.ukim.edu.mk)*
- **Донатори** *(достапни во: Универзитетски весник)*

Настава

- **Анализа на запишани студенти** *(достапни во: Публикација)*
- **Анализа на запишани странски студенти** *(достапни во: Публикација)*
- **Регистар на студиски програми** *(достапни во: Публикација)*
- **Фондација „Атанас Близнаков"** *(достапни на: www.ukim.edu.mk)*
- **Фондација „Петар Стаматов"** *(достапни на: www.ukim.edu.mk)*

Научноистражувачка дејност

- **Научни проекти**

*(достапни во: Публикација)*

Меѓународна соработка

- **Договори за меѓународна соработка**

*(достапни во: Универзитетски весник)*

- **Доделени почесни звања**

*(достапни во: Публикација)*

- **Доделени почесни титули**

*(достапни во: Публикација)*

Финансиско-материјално работење

- **Годишен извештај за финансиско-материјално работење**

*(достапни во: Управата за приходи, Државен завод за ревизија, Централен регистар и Министерство за образование)*

- **Повици од јавни набавки**

*(достапни на: www.ukim.edu.mk и http://javni-nabavki.finance.gov.mk)*

Рецензии за избори во звања, за докторати, за учебници

- **Билтен на УКИМ**

*(достапни во: Публикација и www.ukim.edu.mk)*

**Член 3**

Заштитени од правото за слободен пристап до информациите се сите лични податоци согласно со Законот за заштита на личните податоци), податоците од тековните финансиски активности по сите основи и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации со член 6 од Законот.

**Член 4**

Листата на информации од јавен карактер се објавува на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 5**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување листа на информации од јавен карактер од 9.7.2008 година.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ